**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ” - БИТОЛА**

# Б И Л Т Е Н

## Бр. 441

**ГОДИНА XXXVIII, Битола, 02.05.2018 година**

**Издание на Универзитетот „Св. Климент Охридски”- Битола**

| | |
|---|---|
| Одговорен уредник | М-р Офелија Христовска<br>Генерален секретар |
| Редакциски одбор | Проф. д-р Виолета Маневска, проректор<br>Факултет за информатички и комуникациски технологии-Битола<br><br>Проф. д-р Светлана Николоска, проректор<br>Факултет за безбедност-Скопје<br><br>Проф. д-р Елизабета Бахтовска, проректор<br>Технички факултет-Битола<br><br>Проф. д-р Марјан Ангелески, проректор<br>Економски факултет-Прилеп<br><br>Д-р Елена К. Ристоска, советник |
| Уредник | Д-р Елена К. Ристоска |

Умножено на електронски печатар на Универзитетот
“Св. Климент Охридски” – Битола

# С О Д Р Ж И Н А

## ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ - ПРИЛЕП

Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областите: 21202 - Информациони системи и мрежи, 21203 - Бази на податоци и 21207 - Организација и методологија на проектирање на сметачки системи (хардверски системи, софтвер) ....................1
Реферат за избор на наставник од областите друго/бизнис информатика и друго/бизнис .......13
Реферат за избор на наставник од области смектоводство ....................24
Реферат за избор на наставник од областите: економска математика и математичко моделирање ....................32
Реферат за избор на наставник од областите: меѓународна економија и менаџмент ................37
Реферат за избор на наставници во сите наставно-научни звања од областите сметководство и финансии ....................46
Рецензија на ракописот „Проектен менаџмент“ од проф. д-р Марјан Ангелески и проф. д-р Маргарита Јанеска ....................60
Извештај за оценка на докторската дисертација од кандидатот Ермира Шеху....................63
Report on assessment of the doctoral dissertation of the candidate Ermira Shehu ....................71
Одлука за прифаќање наслов на тема за изработка на магистерски труд на кандидатот Васко Неделковски ....................78

## ФАКУЛТЕТ ЗА БИОТЕХНИЧКИ НАУКИ - БИТОЛА

Одлука за прифаќање наслов на тема за изработка на магистерски труд на кандидатот Мери Крстеска ....................79
Одлука за прифаќање наслов на тема за изработка на магистерски труд на кандидатот Елена Андиреска Стерјоска ....................80

## ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ - БИТОЛА

Реферат за избор на еден наставник во сите наставно -научни звања од областите: Општо машинство, проектирање и машински конструкции, Технологија на обработка на метали и алатни машини, Техничка механика и механика на цврсто тело, Машински елементи и технички системи....................81
Реферат за избор на наставник од области 22001 Управување и контрола на сообраќајот (сообраќајници и јазли, техники и технологии на регулација на сообраќајот, информациони системи, сообраќајни системи) ....................92
Одлука за прифаќање наслов на тема за изработка на магистерски труд на кандидатот Бојан Славковиќ ....................105
Одлука за прифаќање наслов на тема за изработка на магистерски труд на кандидатот Софија Зафировска ....................106
Одлука за прифаќање наслов на тема за изработка на магистерски труд на кандидатот Оливера Миовска ....................107

## ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ И КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ-БИТОЛА

Реферат за избор на еден наставник од областите 21202 – Информациони системи и мрежи, 21205 – Вештачка интелигенција и системи и 21206 – Процесирање на податоци....................108
Приговор на Рефератот за избор на наставник во областите Информациони системи и мрежи, Бази на податоци и Друго (Мобилни дистрибутивни системи) ....................123
Одговор на Приговорот на Рефератот за избор на наставник во областите Информациони системи и мрежи, Бази на податоци и Друго (Мобилни дистрибутивни системи) ....................136
Одлука за прифаќање наслов на тема за изработка на магистерски труд на кандидатот Благој Чамуровски ....................137
Одлука за прифаќање наслов на тема за изработка на магистерски труд на кандидатот Милан Златковски ....................138
Одлука за прифаќање наслов на тема за изработка на магистерски труд на кандидатот Горан Реневски ....................139

## ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ-БИТОЛА

Одлука за прифаќање наслов на тема за изработка на магистерски труд на кандидатот Грета Пипиле ....................140
Одлука за прифаќање наслов на тема за изработка на магистерски труд на кандидатот Душко Талевски ....................141
Одлука за прифаќање наслов на тема за изработка на магистерски труд на кандидатот Ивона Филиповска ....................142
Одлука за прифаќање наслов на тема за изработка на магистерски труд на кандидатот Катерина Трајковска ....................143
Одлука за прифаќање наслов на тема за изработка на магистерски труд на кандидатот Биљана Темелкова ....................144

## ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ-КИЧЕВО

Одлука за прифаќање наслов на тема за изработка на магистерски труд на кандидатот Клеопатра Ангелоска ....................145
Одлука за прифаќање наслов на тема за изработка на магистерски труд на кандидатот Анета Трпески ....................146
Одлука за прифаќање наслов на тема за изработка на магистерски труд на кандидатот Божидар Танчевски ....................147
Одлука за прифаќање наслов на тема за изработка на магистерски труд на кандидатот Јулијана Јошевска ....................148

## ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ-ВЕЛЕС

Реферат за избор на наставник по предмети од научните области: Маркетинг (50325), Економика на индустрија (50311) и друго (50329)........................................................................149
Реферат за избор на наставник по научните областите Применета математика и математичко моделирање (10912), математичка статистика и операциони истражувања (10907) и друго (10914)........................................................................................................................164
Одлука за прифаќање наслов на тема за изработка на магистерски труд на кандидатот Христина Ефтинџијоска ......................................................................................................174
Одлука за прифаќање наслов на тема за изработка на магистерски труд на кандидатот Ева Стојковска ..............................................................................................................175

## ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ – СКОПЈЕ

Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научна област политички науки (основи, теорија, методологија, историја, друго)-50700 ..............................................176
Одлука за прифаќање наслов на тема за изработка на магистерски труд на кандидатот Миле Талевски ..............................................................................................................196

## ВЕТЕРИНАРЕН ФАКУЛТЕТ-БИТОЛА

Реферат за избор во звањето насловен доцент од областите во Природно - математичките науки: Хемија (10700), Биохемија (10703) и друго (10714)........................................................197
Реферат за избор во соработничко звање - асистент од областите: Економика во ветеринарство, Маркетинг и Економика на претпријатија ......................................................206
Реферат за избор во соработничко звање – асистент од областите Андрологија и вештачко осеменување и Гинекологија и акушерство со стерилитет ......................................................211
Реферат за избор во соработничко звање – асистент од областите Фармакологија и токсикологија ...............................................................................................................215

## ВИСОКА МЕДИЦИНСКА ШКОЛА-БИТОЛА

Приговор на објавениот реферат за избор на наставник од областа Хемија и Аналитичка хемија ...........................................................................................................................219
Одговор на Приговорот на објавениот реферат за избор на наставник од областа Хемија и Аналитичка хемија.............................................................................................................221
Одлука за прифаќање наслов на тема за изработка на специјалистички труд на кандидатот Летка Лавринска Стојановска ..........................................................................................223
Одлука за прифаќање наслов на тема за изработка на специјалистички труд на кандидатот Весна Паревска ..............................................................................................................224

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК

во сите наставно-научни звања од областите

друго/бизнис информатика и друго/бизнис

на Економскиот факултет - Прилеп

Врз основа на конкурсот објавен на 24-ти февруари 2018 год. во весниците "Нова Македонија" и "Лајм" за избор на наставници во сите наставно-научни звања од областите **друго/бизнис информатика и друго/бизнис,** Наставно-научниот совет на Економскиот факултет – Прилеп, со одлука бр. 02-338/3 од 21.03.2018 година формира Рецензентска комисија за избор на наставници (еден извршител) од областите **друго/бизнис информатика и друго/бизнис,** во состав:

- д-р Ѓорѓи Манчески, редовен професор на Економскиот факултет – Прилеп;
- д-р Марјан Ангелески, вонреден професор на Економскиот факултет – Прилеп;
- д-р Мирослав Гвероски, редовен професор на Економскиот факултет – Прилеп

Врз основа на член 132 став 5 и 6 од Законот за високото образование како и чл.9, чл 47, чл 48, и чл 50 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола и по разгледувањето на пристигнатите материјали, Рецензентската комисија го поднесува следниов:

# И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс во дневните весници „Нова Македонија“ и „Лајм“од 24.02.2018 год. за избор на наставници во сите наставно-научни звања од областите **друго/бизнис информатика и друго/бизнис**, во предвидениот рок се пријави кандидатот д-р Дејан Здравески

Врз основа на доставените документи Комисијата констатира дека кандидатот д-р Дејан Здравески, поднесе комплетна документација предвидена според критеруимите објавени во конкурсот.

## Биографски податоци за кандидатот, д-р Дејан Здравески

Дејан Димче Здравески е роден на 01.02.1977 год. во Прилеп. Основното образование тој го завршува во Прилеп во основното училиште “Климент Охридски”. Средното образование тој го завршил во ЕМУЦ “Ѓорѓи Наумов” – Битола, а во текот на школувањето во основното и средното образование континуирано покажувал одличен успех. По завршувањето на средното образование, во учебната 1995/96 год., високото образование Д.Здравески го продолжува на Техничкиот факултет во Битола на насоката Патен сообраќај и транспорт, каде што дипломирал во 2000 год.

По завршувањето на Вишата сообраќајна школа, во 2000 год. тој се запишал на Економскиот факултет во Прилеп на статистичко-кибернетската насока, каде што дипломирал во 2004 год., со просечна оценка 8,25, при што се здобива со стручен назив дипломиран економист.

Во учебната 2004/2005 год. Дејан Димче Здравески се запишува на последипломскиот студиум по Бизнис, администрација МБА-менаџмент, каде што ги завршил испитите со просечна оценка од 9,80, а магистрирал во 2008 год., на тема ***“Откривање на знаење (Data Mining) во аналитичките бази на податоци во функција на деловното работење на компаниите”*** ,под менторство на проф. д-р Коста Сотироски, при што се здобил со академскиот назив магистер по Бизнис, администрација МБА-менаџмент

На 10.09.2013 год. тој ја одбранил докторската дисертација, под наслов "**Моделирање и евалуација на перформансите на системите на бизнис интелигенција во компаниите**", под менторство на проф. д-р Ѓорѓи Манчески и се стекнал со научен степен доктор на економски науки.

Кандидатот, д-р Дејан Здравески, активно ги познава англискиот и францускиот јазик, а има и одлични познавања од Windows, Microsoft Office, Internet, користење современи програмски решенија од областа на статистиката, бизнис интелигенцијата, data mining и сл. Исто така, тој има професионални познавања при користење на софтверски решенија како што се Dreamweaver, Microsoft project но и користење на Cloud computing решенија за деловното работење на компаниите.

Во однос на личните компетенции и квалификации, кандидатот располага со организациски способности, способности за одлучување, способност за брзо размислување и расудување, иницијативност и креативност, способност за тимска работа, колегијалност и алтруизам, посветеност и лојалност.

Исто така кандидатот има долгогодишно искуство во одржувањето на обуки и тренинзи за голем број на компании како и спроведување на индивидуални обуки во рамки на одредени проекти. Кандидатот Д. Здравески ги има спроведено следните обуки:

- Обука за бази на податоци, Microsoft Access, UNDP, Prilep
- Обука за Основи на Microsoft Office, невладина организација СФЕРА, Прилеп
- Обука на вработени во Мермерен комбинат-Прилеп, Основни и напредни техники (Level 1, Level 2) Microsoft Office, Windows and Internet
- Обука на вработени за Комфи Ангел-Прилеп, Основни техники (Level 1) Microsoft Excel
- Обука на вработени за Gentherm- Прилеп, Основни техники (Level 1) Microsoft Excel

## Наставно образовна дејност

Кандидатот Д. Здравески своето работно искуство во високото образование го започнува непосредно пред дипломирањето. Од почетокот на академската 2003/2004 год. до декември 2008 год. тој е ангажиран на Економскиот факултет во Прилеп, како демонстратор по предметите: компјутерска техника и информатика, менаџмент информациски системи, статистика за економисти, експертски системи и деловна информатика.

Од 30.12.2008 год. м-р Дејан Здравески е вработен, како помлад асистент на Економскиот факултет во Прилеп, по група дисплини од информациската технологија и менаџмент. Во 2009 година тој е избран за секретар на Катедрата по Бизнис информатика.

Во 2013 година, односно на 22.10.2013 год, канидатот е избран во доцент на Економскиот Факултет во Прилеп, во областите друго/бизнис информатика и друго/бизнис, и до денес активно учествува во изведувањето на наставата на Економскиот факултет во Прилеп.

Во академската 2015/2016 кандидатот Дејан Здравески е избран за Продекан за настава на Економскиот факултет во Прилеп, која функција и денес активно ја извршува. Функцијата Продекан за настава, кандидатот, ја извршува совесно и одговорно извршувајќи ги своите обврски на највисоко професионално ниво.

Во досегашниот период, кандидатот Дејан Здравески дава значаен придонес во стручно и научно оспособување на млади кадри. Имено, тој се јавува како ментор и член во повеќе комисии за одбрана на дипломски работи, како и член во комисии за оценка и одбрана на магистерски трудови.

Кандидатот д-р Дејан Здравески успешно ја реализира наставата на следниве наставни дисциплини на Економскиот факултат-Прилеп на прв и втор циклус на студии: Веб дизајн-прв циклус на студии; Клауд Компјутинг-прв циклус на студии; Моделирање и иновација на бизнис процеси-втор циклус на студии; Веб програмирање-втор циклус на студии; Стратегиски и иновациски менаџмент-втор циклус на студии

Успешноста во реализацијата на наставно-образовната дејност се потврдува со позитивната оценка од самоевалуацијата. Според резултатите од извршената

самоевалуација кандидатот д-р Дејан Здравески во однос на тоа дали е подготвен за изведување на наставата е оценет со 4.96. Исто така во однос на тоа дали користи интерактивни методи во наставата кандидатот е оценет со оценка од 4.96. Во однос на индикаторот дали наставникот за време на предавањата е посветен и предизвикува интерес кај студентите Д. Здравески е оценет со просечна оценка од 4.89, додека во однос на отвореноста на наставникот и достапноста за консултации е оценет со оценка 5.0. Во однос на тоа дали наставникот објективно ги оценува резултатите од работата на студентите кандидатот е оценет со оценка 4.93.

Имено од анкетираните студенти во збирниот извештај кандидатот добил просечна оценка од 4,9 поени од максимални 5.0 поени.

Согласно претходно наведеното, Рецензентската комисија го оцени како позитивен Извештајот од самоевалуацијата за кандидатот д-р Дејан Здравески.

## Реализирани студиски престои во странство

Досега тој ги има реализирано следниве студиски престои во странство:

- студиски престој на Универзитетот за економија и бизнис во Удине, Република Италија (Universita Degli Studi Di Udine, Udine, Italia), во рамките на проектот Tempus Joint European Project JEP_41077_2006 “Joint Master for South-East Europe in Economics and management Science Program”, во периодот од 02.06.2009 до 16.06.2009 година;
- престој на Универзитетот на Западна Англија во Бристол, Велика Британија (University of the West of England) во рамките на проектот TEMPUS Programme of the E.U. Agreement No-145061-TEMPUS-2008-UKJPHES “Entrepreneurship and local economic development in Albania, Kosovo and Macedonia”, во периодот од 20.06.2011 до 20.07.2011 година.

## Учество на семинари и сомпозиуми

- Меѓународна научна конференција “Предизвиците на новата економија”- Економски факултет-Прилеп, Охрид 2005
- Меѓународна научна конференција “Бизнисот и глобализацијата”- Економски факултет-Прилеп, Охрид 2007

- Меѓународна научно стручна конференција "Na putu ka dobu znanja"-Fakultet za menadzment-Novi sad 2009
- Меѓународна научна конференција "International conference – The Economy and business in postrecesion", Faculty of Economics – Prilep, 2010
- Меѓународна научна конференција "Strategijski menadžment i sistemi podrške odlučivanju u strategijskom menadžmentu", Subotica, 2010
- Меѓународна научна конференција "Strategijski menadžment i sistemi podrške odlučivanju u strategijskom menadžmentu", Subotica, 2011
- WORKSHOP "Dissemination of the partial Project and PhD Programme results", Dardania University, Prishtina 2012
- Symposium for Young lecturers, "Entrepreneurship and local economic development in Albania, Kosovo and Macedonia", Ohrid 2012
- Меѓународна научна конференција-Миграциите и пазарот на трудот-Крушево, 2012
- WORKSHOP "Dissemination of the partial Project and PhD Programme results", South east European University, Tetovo, 2013
- Меѓународна научна конференција "SMEs development and innovation: Building competitive future of South-Eastern Europe", Prilep, 2014
- Меѓународна научна конференција " International Balkan and near eastern social science conference series", Prilep, Macedonia, 2016
- Меѓународна научна конференција " International Balkan and near eastern social science conference series", Russe, Bulgaria, 2017
- Универзитетска интерна конференција, УКЛО21-УИК, "Науката на УКЛО-искуства и перспективи", Крушево, 2017
- Меѓународна научна конференција " International Balkan and near eastern social science conference series", Ohrid, Macedonia, 2016

## Член на организациски одбор на научни конференции:

- Меѓународна научна конференција – The Economy and business in postrecesion", Faculty of Economics – Prilep, 2010

- Меѓународна научна конференција-Миграциите и пазарот на трудот-Крушево, 2012
- Меѓународна научна конференција “SMEs development and innovation: Building competitive future of South-Eastern Europe”, Prilep, 2014
- Меѓународна научна конференција ” International Balkan and near eastern social science conference series”, Prilep, Macedonia, 2016
- Меѓународна научна конференција ” International Balkan and near eastern social science conference series”, Ohrid, Macedonia, 2017

## Член на програмски (научен) одбор на научни конференции:

- International conference “EKONOMY OF INTEGRATION”, ICEI 2015, Tuzla, BIH
- International conference “THE ROLE OF ECONOMIC THOUGHT IN MODERN ENVIRONMENT”, ICEI 2017, Tuzla, BIH
- InTraders-International conference on International trade, Sakarya University, Turkey, May 2018

## Список на објавени научни и стручни трудови

1. **“Бази на податоци со посебен осврт на релациони бази на податоци во функција на успешно менаџерско одлучување**”, дипломска работа, Економски факултет во Прилеп, јули 2004 год.;
2. **“Поврзаноста на бизнис етиката со менаџментот на човечки ресурси**”, семинарска работа, Економски факултет во Прилеп, февруари 2005 год.;
3. **“Бизнис етиката во развојот на повисоки стандарди при бизнис работењето”**, Меѓународна научна конференција “Предизвиците на новата економија”, КЕФП, Економски факултет-Прилеп, Охрид, 2005. (во коавторство);
4. **“Администрација на клиент сервер информациски системи”**, семинарска работа , Економски факултет во Прилеп, јуни 2006 год.;
5. **“Data Warehouse and Data Mining”**, семинарска работа, Економски факултет во Прилеп, ноември 2006 год.;

6. **“Новите информациски технологии во глобалната економија”**, Меѓународна научна конференција „Бизнисот и глобализацијата“, КЕФП 2008, Економски факултет - Прилеп, Охрид, 2007;
7. **“Дизајнирање на инфосистем за трговска компанија”,** семинарска работа, Економски факултет во Прилеп, декември 2007 год.;
8. **“Откривање на знаење во аналитичките бази на податоци (Data Mining) во функција на деловното работење на компаниите”**, магистерски труд, , Економски факултет во Прилеп, ноември 2008 год.
9. **“Business intelligence application in performance management”, SM 2009-** Strategijski menadžment i sistemi podrške odlučivanju u strategijskom menadžmentu, Subotica, 2009.
10. **“The role of Business intelligence in Knowledge management”, 7.** Medjunarodna maucno-stručna konferencija- Na putu ka dobu znanja, Fakultet za menadžment, Novi Sad, 2009 .
11. **“The role of knowledge managenent in the learning organizations”, 8** Medjunarodna naucno-stručna konferencija- Na putu ka dobu znanja, Fakultet za menadžment, Novi Sad, 2010.
12. **“Strategy as a learning process in the learning organization”, SM 2010-** Strategijski menadžment i sistemi podrške odlučivanju u strategijskom menadžmentu, Subotica, 2010.
13. **“Accounting and financial information – the foundation of structuring financial statements and their fundamental role in creating the development strategy of companies” –** International scientific conference – Economics and globalization, Targu Jiu, Romania, 2010
14. **„Улогата и влијанието на информациската технологија врз економскиот развој во пострецесиониот период**“, International conference – The Economy and business in postrecesion, Faculty of Economics – Prilep, 2010
15. **“Business intelligence tools for data analysis and decision making”,** Challenges of the knowledge society, The international scientific session, Bucharest, 2011
16. **“Current trends in the market of business intelligence in R. Macedonia-research paper“** VIII Majska konferencija o strategijskom menadzmentu, Bor, 2012

17. **“Cloud business intelligence-a new paradigm in providing business information”,** 1-st International conference, South-East European countries towards European Integration, Elbasan, 2012
18. **“Availability of business intelligence tools on the Macedonian software market-research paper“**International conference on applied internet and information technologies, Zrenjanin 2012
19. **UML model of business intelligence system in increasing corporate performance”,** International Journal of strategic management and decision support systems in strategic management Vol. 19,1 2014
20. **“The benefits of standardization for business intelligence tools”,** International conference on applied internet and information technologies, Zrenjanin, 2013
21. **“Theoretical aspects of international financial crisis transmission with particular reference on western balkans”** International conference SMEs development and innovation: Building competitive future of South-Eastern Europe, Prilep, 2014
22. **“SMEs networking-key source of innovation”**, International conference SMEs development and innovation: Building competitive future of South-Eastern Europe, Prilep, 2014
23. **“Trends and Challenges of Electronic Auctions as a New Business Model”**, TEM Journal, 2014, Web of Science | Thomson Reuters - Master Journal List (Emerging Sources Citation Index)
24. **“Analysis of the software market in the Republic of Macedonia”-**Horizons, International scientific journal, 2014
25. **“Cloud computing as a challenge for Macedonian companies”-** Proceedings International conference on applied internet and information technologies , Zrenjanin, 2015
26. “**Statistical analysis for labor demand of ICT sector in R. Macedonia”** XX Internacionalni naucni skup-Strategijski menadzment i sistemi podrske odlucivanju u strategijskom menadzmentu, Subotica, 2015, International Journal of strategic management and decision support systems in strategic management Vol. 21,1 2016

27. **“Implementation of Systems for Knowledge Management in Republic of Macedonia”,** TEM Journal, 4(4):351-357, 2015, Web of Science | Thomson Reuters - Master Journal List (Emerging Sources Citation Index)
28. **“Importance of earned value method (eva) in the performance analysis of projects”,** Annals of the „Constantin Brâncuşi” University of Târgu Jiu, Economy Series, Issue 2/2016
29. **“Evaluating cloud computing services”,** XX Internacionalni naucni skup-Strategijski menadzment i sistemi podrske odlucivanju u strategijskom menadzmentu, Subotica, 2016
30. **“Implementation of E-crm in macedonian companies”** Annals of the „Constantin Brâncuşi” University of Târgu Jiu, Economy Series, Issue 4/2016
31. **“New trends in business intelligence”,** International Balkan and near eastern social science conference series, Prilep, Macedonia, 2016
32. **“Factor analysis of medicine retail in Macedonia”,** International Balkan and near eastern social science conference series, Ohrid, Macedonia, 2017
33. **“Autonomic Computing Systems as Perspective for Integration of Business processes”**, International Balkan and near eastern social science conference series, Russe, Bulgaria, 2017
34. **“Statistical estimation of performance of intellectual capital in telecommunication sector in Macedonia”**, International scientific conference on economics and management, EMAN 2017, Ljubljana, Slovenia, 2017
35. “**Electronic retailing in Macedonia-case study of Ohrid region”** Annals of the „Constantin Brâncuşi” University of Târgu Jiu, Economy Series, Issue 2/2017
36. **“Performance evaluation of autonomic computing systems”,** XXII Internacionalni naucni skup-Strategijski menadzment i sistemi podrske odlucivanju u strategijskom menadzmentu, Subotica, 2017

## КОНСТАТАЦИЈА И ПРЕДЛОГ

Врз основа на анализата на приложената документација од кандидатот д-р Дејан Здравески, во која се содржани податоците за неговата стручна, научна и наставна активност може да се констатира дека тој покажува континуиран научен и професионален развој.

Кандидатот д-р Дејан Здравески е вклучен во наставно-образовниот процес на Економскиот факултет-Прилеп од 2013 год. како доцент по предметите Веб дизајн и Клауд компјутинг.

Резултатите од спроведената евалуација од студентите покажуваат дека кандидатот д-р Дејан Здравески поседува одлучно искуство и користи педагошки методи преку коишто успешно им ги пренесува своите знаења на студентите и на тој начин ја потикнува нивната креативност.

Неговото професионално усовршување во континуитет покажува дека тој постојано се надградува во областите бизнис информатика и бизнис.

Творечкиот опус на кандидатот потврдува дека тој перманентно се занимава со истражувачка работа, активно учествува на голем број конференции, семинари, школи и работилници во земјата и странство.

Врз основа на изнесените и аргументирани констатации во Извештајот, а имајќи го во предвид претходно изнесеното, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот ги исполнува сите предвидени услови согласно Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно, наставни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „св. Климент Охридски“-Битола и му предлага на Наставно- научниот совет на Економскиот факултет-Прилеп да го избере д-р Дејан Здравески во звање вонреден професор од областите друго/бизнис информатика и друго/бизнис.

Прилеп Рецензентска комисија:

30.04.2018 год.

1. д-р Ѓорѓи Манчески, редовен професор на Економскиот факултет – Прилеп, с.р.
2. д-р Марјан Ангелески, вонреден професор на Економскиот факултет – Прилеп, с.р.
3. д-р Мирослав Гвероски, редовен професор на Економскиот факултет – Прилеп, с.р.